*ОПШТИНА КАРПОШ*

***Координатор за еднакви можности меѓу жените и мажите***

**До:** Сектор за поддршка и организација на работата
на Советот на Општината и архивско административни работи

**ПРЕДЛАГАЧ:** ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ
**ИЗГОТВУВАЧ:** Координаторка за еднакви можности на жените и мажите

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
**За активностите на Општина Карпош**
**Во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош**
**за 2025 година**

**Скопје, Јануари 2026 година**

*ул.Никола Русински бр.11 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
***www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk***

ВОВЕД:

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2025 година имаше цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2012, 30/2013,166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Програмата предвиде работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање требаше да придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2025 година предвидуваше неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни области во Програмата за 2025 година беа:

1. Унапредување на здравјето на жените
2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
4. Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба
5. Одржливост на локалната канцеларија за родителство
6. Фитнес за жени
7. Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво

За спроведување на програмските активности превидени во Годишната програма беше објавен Јавен повик (11-126/2 од 09.01.2025 год) во кој се бараше доставување на предлог проекти за секоја област посебно, во рамки на финансиските средства кои беа изгласани и предвидени во Буџетот.

На јавниот повик беа доставени, избрани и реализирани следниве проекти:

1. Унапредување на здравјето на жените:

   Проектот „Превенција на ракот на дојка кај младата популација“ кој го реализираше Ординацијата по гинекологија и акушерство ПЗУ Св. Алексеј – Скопје. Во рамки на овој проект беа опфатени вкупно 149 лица од младата популација во општината при што кај 25 испитанички се дијагностицирани бенигни промени (цисти и фиброеденоми), 2 со воспалителни промени, а 0 испитанички со малигни промени.

   Ехо прегледот се покажа како безбедна и ефикасна дијагностичка метода, а процедурата беше прифатена од страна на испитаничките како безболна.

   За реализација на прокетот беа одвоени и потрошени 200.000,оо денари.

2. Превенција и советување за спречување на семејно насилство и помош на жртвите од семејно насилство:

   Проектот „ Превенција и советување за спречување на семејно насилство и помош на жртвите од семејно насилство“ го реализираше Организација на жени на Град Скопје. Во рамки на проектот беа опфатени 20 лица од кои 10 малолетни деца кои беа сместени во Шелтер центарот за жртви од семејно насилство кој се наоѓа на територија на општина Карпош. За реализација на проектот беа одвоени и потрошени 300.000.оо денари за следниве активности: упатување и придружба на жртвите до други НО, до Центри за социјална работа, до здравствени установи и други институции, набавка на храна, лекови и облека за жртвите во текот на нивниот престој во Шелтер центарот, режиски трошоци на центарот, услуги на психолог, социјален работник и други стручни лица, дневници и хонорари на координаторите.

3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација:

   Проектот „Зголемено социјално вклучување на ЛГБТ граѓаните преку зајакнат пристап до услуги на социјална заштита“ го реализираше Здружението за сексуални и родови малцинства КВИР ЦЕНТАР Скопје. За реализација на овој проект беа предвидени и потрошени 100.000.оо денари за следниве активности: спроведување на на психотерапевтски сесии за ЛГБТ клиенти со цел унапредување на нивното ментално здравје, психосоцијална стабилност и подобрена интеграција во општеството. Во рамки на оваа активност беа спроведени по 40 индивидуални психотерапевтски сесии за 6 лица од ЛГБТ популацијата.

4. Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба:

   Проектот „Обука за дигитална писменост на старите лица“ го реализираше Друштвото за услуги ТАСК ХРС Скопје. Во рамки на овој проект беа

реализирани вкупно 12 сесии на обуки за лица од третата доба од општина Карпош од кои секоја група имаше од 15 до 20 лица. Обуките беа реализирани во период од 12 недели и се состоеа од три дела: тероретско објаснување, практична работа со индивидуален пристап и практични задачи и тестирање. При обуките беа обработени теми од дигиталната писменост, комуникациски апликации, интернет безбедност, електоронско банкарство и јавни електронски услуги, со методологија на интерактивни предавања, демонстрации во живо, практични индивидуални и групни задачи, работа со реални примери од секојдневието, континуирана поддршка и повторување. За реализација на овој проект беа предвидени и потрошени 600.000,оо денари за организација на обуките, дигитални апликации, техничка опрема, печатени материјали и прирачници, предавачи, ангажирање на други стручни лица по област, тестирање, дипломи.

5. Одржливост на локална канцеларија за родителство:
   Проектот „Советувалиште за родители при Општина Карпош“ го реализираше Експертскиот центар за родителство при НВО Алтернатива Скопје. Реализацијата на проектот опфаќаше три фази: Обука на училишните стручни служби, Трибини, проценка и работа со родители, и Канцеларија за родители.
   Резултатите од спроведување на проектот се: 20 обучени фацилитатори во основните училишта, организирани 2 трибини за родители со посетеност од 112 родители и формирани 10 родителски групи, како и спроведени 50 индивидуални средби на родителите во Канцеларијата за родителство. За реализација на овој проект беа предвидени и потрошени 150.000,оо денари.

6. Фитнес за жени:
   Проектот „Фитнес за жени“ го реализираше Полициски боречки клуб Безбедност од Скопје преку спроведување на тренинзи за развој на силата, флексибилноста, брзината, координацијата и општата издржливост. Тренизните се одржуваа два пати неделно во период од 24.02 до 29.12.2025 година во спортските сали на ООУ Јан Амос Коменски и ООУ Петар Поп Арсов со групи од околу 40 жени. Поради покажан интерес од страна на учесничките беа реализирани часови на кеј на Вардар, во Градски парк и во салата за борење во СРЦ Кале. За реализација на овој проект беа предвидени и потрошени 150.000.оо денари.

7. Поддршка на Локалниот Совет за женско претприемништво:

Проектот „Поттикнување на женското претприемништво и зајакнување на постоечкото преку вмрежување и политики за поддршка на жените претприемачи во Општина Карпош“ го реализираше Здружението на бизнис жени од Скопје. Проектот се реализираше во три фази: формирање на база на податоци за жени претприемачки од Карпош ( https://docs.google.com/forms/d/1BXANr_E5R1gSQx0AG64DO6LWxC0UEynqiQj4lFllAmA/viewform?fbclid=IwY2xjawLLJRxleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFyV01sYTZyMkk4QTRPTjZqAR5vQy008X_wQkt0Gg4ZL0Cc3lFKHlmExjG4hZ1cKy5HmGqOSv7S7nQM_DjsEA_aem_tmn-HzSO74rrCyfmVGldCw&edit_requested=true&pli=1 ) , Изработка на стартешки документ за политика „Промовирање на женското претприемништво“ кој опфаќа тригодишен план за активности за поддршка, промоција и унапредување на женското преptриемништво во Општина Карпош, а во третата фаза беа организирани два настана – женско бизнис дружење на 08.07.2025 година на кое учество земаа голем број на панелисти и присустни гости, како и женско бизнис дружење на 12.09.2025 година со учество на 15 регистрирани учеснички.
За реализација на овој проект беа предвидени и потрошени 200.000.оо денари.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2025 година беше комплетно реализирана во сите предвидени области, а за истата беа предвидени и потрошени 1.700.000,оо денари.

Родова статистика: програмата иако е наменета за унапредување на положбата на жените преку принципот за еднакви можности, содржи и проекти во кои учество земаа и мажи и тоа: проектот за дигитална псименост кај старите лица и Канцеларијата за родителство.

Изработил: Виолета Михајловска
Координатор за еднакви можности